# INTOSAI-P 12

# Вредност и придобивки од ВРИ – правење разлика во животот на граѓаните

Принципите на INTOSAI се издаваат од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции, INTOSAI, како дел од Рамката за професионални објави на INTOSAI. За повеќе информации посетете ја www.issai.org

INTOSAI

INTOSAI

INTOSAI, 2019 година

1) Познат како ISSAI 12

2) Усвоен во 2013 година

3) Со воспоставување на Рамката за професионални објави на INTOSAI (IFPP) преименуван во INTOSAI-P 12, со уреднички измени во 2019 година

ISSAI P-12 е достапен на сите официјални јазици на INTOSAI: арапски, англиски, француски, германски и шпански

# СОДРЖИНА

**ПРЕАМБУЛА** **6**

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОТЧЕТНОСТА, ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ИНТЕГРИТЕТОТ НА ВЛАДАТА И СУБЈЕКТИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР** **9**

**ПРИНЦИП 1:** Зачувување на независноста на ВРИ 9

**ПРИНЦИП 2:** Спроведување ревизии со цел да се осигури отчетност на државните органи и субјектите од јавниот сектор за управувањето со и користењето на јавните ресурси 10

**ПРИНЦИП 3:** Овозможување на оние што се одговорни за управување со јавниот сектор да ги извршуваат своите должности во одговор на наодите и препораките и за преземање соодветни корективни мерки 11

**ПРИНЦИП 4:** Известување за резултатите од ревизијата и овозможување отчетност на државните органи и субјектите од јавниот сектор пред јавноста 11

**ДЕМОНСТРИРАЊЕ ТРАЈНА РЕЛЕВАНТНОСТ ЗА ГРАЃАНИТЕ, ПАРЛАМЕНТОТ И ДРУГИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ** **12**

**ПРИНЦИП 5:** Реагирање на променливото опкружување и новите ризици 12

**ПРИНЦИП 6:** Ефективно комуницирање со засегнатите страни 13

**ПРИНЦИП 7:** Да се биде кредибилен извор за независен и

објективен увид и насоки за поддршка на корисни промени во јавниот сектор 14

**ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ПРИМЕР 15**

**ПРИНЦИП 8:** Осигурување соодветна транспарентност и отчетност на ВРИ 15

**ПРИНЦИП 9:** Осигурување добро управување на ВРИ 15

**ПРИНЦИП 10:** Усогласување со Кодексот на етика на ВРИ 16

**ПРИНЦИП 11:** Стремење кон извонредност и квалитет на услугата 16

**ПРИНЦИП 12:** Градење на капацитети преку промовирање на учење и споделување на знаење 17

**АНЕКС А Степенот до кој една ВРИ може да го промени животот на граѓаните зависи од самата ВРИ 19**

**АНЕКС Б Дванаесет принципи за вредност и придобивки од ВРИ за секоја од трите цели 20**

# ПРЕАМБУЛА

1) Ревизијата на јавниот сектор, поддржана од врховните ревизорски институции (ВРИ), е значаен фактор за правење промена во животот на граѓаните. Ревизијата на државните органи и субјектите од јавниот сектор, извршена од ВРИ, има позитивно влијание врз довербата на општеството, бидејќи ги фокусира мислите на чуварите на јавните ресурси на тоа колку добро ги користат тие ресурси. Таквата свест ги поддржува посакуваните вредности и поддржува механизми кои ја подобруваат отчетноста, што пак доведува до подобри одлуки. Штом ВРИ ги објават резултатите од ревизијата, граѓаните можат да ги повикаат на одговорност чуварите на јавните ресурси. На овој начин, ВРИ промовираат ефикасност, отчетност, ефективност и транспарентност на јавната администрација[1]. Затоа, независна, ефективна и кредибилна ВРИ е суштинска компонента на демократскиот систем во кој отчетноста, транспарентноста и интегритетот се неопходни делови на стабилната демократија.

2) Во една демократија се воспоставуваат структури и на избраните претставници им се дава овластување да ја извршуваат волјата на народот и да дејствуваат во негово име преку законодавните и извршните органи. Ризикот што треба да се земе во предвид во институциите од јавниот сектор во една демократија е дека моќта и ресурсите можат да бидат злоупотребени или несоодветно управувани, што предизвикува ерозија на довербата која може да ја загрози суштината на демократскиот систем. Затоа, клучно е граѓаните на државата да можат да ги повикаат своите претставници на одговорност. Демократски избраните претставници можат да бидат одговорни само доколку можат да ги повикаат на одговорност оние што ги спроведуваат нивните

[1] Резолуција А/66/209 на Генералното собрание на Обединетите Нации

одлуки. Во согласност со принципите на Декларацијата од Лима[2], важна компонента во циклусот на отчетност е постоењето на независна, ефективна и кредибилна ВРИ која врши проверка на управувањето и користењето на јавните ресурси.

3) Постапувањето во интерес на јавноста претставува дополнителна одговорност за ВРИ да ја демонстрираат својата континуирана релевантност за граѓаните, парламентот и другите засегнати страни[3]. ВРИ можат да ја демонстрираат својата релевантност преку соодветен одговор на предизвиците со кои се соочуваат граѓаните, очекувањата на различните засегнати страни и новите ризици, како и променливото опкружување во кое се спроведуваат ревизиите. Понатаму, важно е ВРИ да имаат значаен и ефективен дијалог со засегнатите страни за тоа како нивната работа влијае на подобрувањето на јавниот сектор. Ова овозможува ВРИ да бидат веродостоен извор на независен и објективен увид, во поддршка на корисни промени во јавниот сектор.

4) За да можат да ја исполнат својата функција и да осигурат потенцијална корист за граѓаните, ВРИ мора да уживаат доверба. ВРИ заслужуваат доверба само доколку објективно се оценети како кредибилни, компетентни и независни и ако можат да бидат повикани на одговорност за нивното работење. За да го постигнат ова, ВРИ треба да бидат примерни институции, поставувајќи пример од кој можат да учат другите во јавниот сектор и ревизорската професија воопшто.

5) Принципите наведени во овој документ се дизајнирани околу основното очекување од ВРИ да направат промена во животот на граѓаните. Степенот до кој една ВРИ може да направи промена во животот на граѓаните зависи од тоа дали ВРИ:

   5.1) ја зајакнува отчетноста, транспарентноста и интегритетот на државните органи и субјектите од јавниот сектор;

   5.2) демонстрира континуирана релевантност за граѓаните, парламентот и другите засегнати страни; и

   5.3) претставува организација за пример.

---

[2] INTOSAI – P1 Декларација од Лима

[3] „Засегната страна" во овој документ е дефинирана како лице, група, организација, член или систем кој може да влијае или да биде под влијание на активностите, целите и политиките на државните органи и субјектите од јавниот сектор.

6) ВРИ работат согласно различни мандати и модели. Сепак, овие цели и принципи се наменети за ВРИ да се стремат кон нив и да им овозможат на сите ВРИ да ја пренесат и промовираат користа и придобивките со кои можат да придонесат за демократијата и отчетноста во нивните правни системи. Принципите се применуваат подеднакво на вработените на ВРИ и на лицата кои извршуваат работа во име на ВРИ[4]. ВРИ се охрабруваат да ги применуваат и да ја проценат својата усогласеност со овие одредби на начин што најдобро одговара на односното опкружување.

[4] Види исто INTOSAI-P 20 Принципи на транспарентност и отчетност, Принцип 5

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА, ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ИНТЕГРИТЕТОТ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

За да се осигура дека избраните функционери постапуваат во најдобар интерес на граѓаните што ги претставуваат, државните органи и субјектите од јавниот сектор треба да бидат отчетни за нивното управување со и користење на јавните ресурси. ВРИ ја зајакнуваат отчетноста, транспарентноста и интегритетот преку независна ревизија на работењето на јавниот сектор и известување за ревизорските наоди. Ова им овозможува на одговорните за управување со јавниот сектор да ги извршуваат своите должности при одговорот на наодите и препораките од ревизијата и преземањето корективни активности, со што ќе се заврши циклусот на отчетност.

**ПРИНЦИП 1: Зачувување на независноста на ВРИ**[5]

1) ВРИ треба да се стремат кон унапредување, обезбедување и одржување на соодветна и ефективна уставна, законска или правна рамка.

2) ВРИ треба да настојуваат да ја зачуваат независноста на раководителите на ВРИ и членовите (во колегијалните институции), вклучително безбедност на мандатот и правен имунитет, во согласност со важечката законска регулатива, како резултат од редовното извршување на нивните должности.

3) ВРИ треба да ги искористат својот мандат и дискреција во извршувањето на функциите и одговорностите, со цел да го подобрат управувањето со јавните средства.

4) ВРИ треба да имаат неограничени права за пристап до сите потребни информации, со цел соодветно да ги исполнат своите законски одговорности.

5) ВРИ треба да ги искористат своите права и обврски за известување за ревизорската работа.

---

[5] Види Резолуција А/66/209 на Генералното Собрание на Обединетите Нации и INTOSAI-P 10 Декларација од Мексико за независноста на ВРИ.

6) ВРИ треба да имаат слобода да одлучуваат за содржината и времето на известување.

7) ВРИ треба да имаат соодветни механизми за следење на наодите и препораките.

8) ВРИ треба да настојуваат да одржат финансиска и управувачка или административна автономија, и соодветни човечки, материјални и финансиски ресурси.

9) ВРИ треба да известуваат за било кои прашања што можат да влијаат на нивната способност да ја извршуваат работата во согласност со нивните мандати и/или законодавна рамка.

**ПРИНЦИП 2: Спроведување ревизии со цел да се осигури дека државните органи и субјектите од јавниот сектор се отчетни за управувањето со и користењето на јавните ресурси**

1) ВРИ треба, во согласност со своите законски надлежности и применливите професионални стандарди, да вршат една или сите од следниве активности:

   a) Ревизија на финансиските[6] и, каде што е потребно, на нефинансиските информации

   b) Ревизија на успешност[7]

   c) Ревизија на усогласеноста на работењето со применливите закони[8]

2) ВРИ, исто така, во согласност со своите законски надлежности, можат да извршуваат и други видови на работа, на пример, судски проверки или истрага за користењето на јавните ресурси или прашања каде е загрозен јавниот интерес[9].

3) ВРИ треба соодветно да одговорат, во согласност со своите законски надлежности, на ризиците од финансиски неправилности, измами и корупција.

4) ВРИ треба да достават ревизорски извештаи, во согласност со своите

[6] ISSAI 200 Принципи на финансиска ревизија

[7] ISSAI 300 Принципи на ревизија на успешност

[8] “Применливи закони” се однесува на закони, регулатива или принципи на добро управување со јавниот финансиски сектор или однесување на службените лица во јавниот сектор; ISSAI 400: Принципи на ревизија на усогласеност

[9] Види исто INTOSAI-P 10 Декларација од Мексико за независноста на ВРИ, принципи 3 и 6.

законски надлежности, до законодавниот дом или друго надлежно јавно тело, како што е соодветно.

**ПРИНЦИП 3: Овозможување на оние што се одговорни за управување со јавниот сектор да ги извршуваат своите должности за одговор на наодите и препораките и за преземање соодветни корективни мерки**

1) ВРИ треба да осигурат добра комуникација со субјектите на ревизија и другите засегнати страни, како што е соодветно, и да ги информираат за време на ревизорскиот процес за прашања што произлегуваат од работата на ВРИ.

2) ВРИ треба, во согласност со нивните законски надлежности, да обезбедат релевантни, објективни и навремени информации до законодавниот дом, неговите комисии или раководството и управните одбори на субјектите за ревизија.

3) ВРИ треба да ги анализираат своите ревизорски извештаи, за идентификување на теми, заеднички наоди, трендови, основни причини и ревизорски препораки и да дискутираат за истите со клучните засегнати страни.

4) ВРИ треба, без да ја загрозат својата независност, да дадат совет како ревизорските наоди и мислења може да имаат најголемо влијание, на пример, со давање насоки за добра пракса.

5) ВРИ треба да градат професионални односи со релевантните надзорни комитети на законодавниот дом и раководствата и управните одбори на субјектите на ревизија, за подобро разбирање на ревизорските извештаи и заклучоци и преземање соодветни активности.

6) ВРИ, како што е соодветно, треба да известуваат за преземените мерки во врска со дадените препораки.

**ПРИНЦИП 4: Известување за резултатите од ревизијата и овозможување отчетност на државните органи и субјектите од јавниот сектор пред јавноста**

1) ВРИ треба да известуваат за објективни информации на едноставен и јасен начин, користејќи јазик кој е разбирлив за сите засегнати страни.

2) ВРИ треба навремено и јавно да ги објавуваат своите извештаи[10].

3) ВРИ треба да го олеснат пристапот на засегнатите страни до нивните извештаи користејќи соодветни средства за комуникација[11].

## ДЕМОНСТРИРАЊЕ ТРАЈНА РЕЛЕВАНТНОСТ ЗА ГРАЃАНИТЕ, ПАРЛАМЕНТОТ И ДРУГИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

ВРИ ја демонстрираат својата релевантност преку соодветен одговор на предизвиците со кои се соочуваат граѓаните, очекувањата на различните засегнати страни и новите ризици и променливото опкружување во кое се спроведуваат ревизиите. Понатаму, за да служат како кредибилен глас што води кон корисни промени, важно е ВРИ да имаат добро познавање на околностите во поширокиот јавен сектор и да водат значаен дијалог со засегнатите страни за тоа како работата на ВРИ може да придонесе за подобрување во јавниот сектор.

**ПРИНЦИП 5: Реагирање на променливото опкружување и новите ризици**

1) ВРИ треба да се свесни за очекувањата на засегнатите страни, и како што е соодветно, да одговорат на истите навремено и без да ја нарушат својата независност.

2) При изработката на планот за работа, ВРИ треба, како што е соодветно, да се осврнат на клучните прашања што го засегаат општеството.

3) ВРИ треба да ги проценат променливите и новите ризици во ревизорското опкружување и да одговорат на истите навремено, на пример, преку промовирање механизми за решавање на финансиски неправилности, измами и корупција.

4) ВРИ треба да осигурат дека очекувањата на засегнатите страни и новите ризици се вклучени во стратешките, деловните и ревизорските планови, каде што е соодветно.

5) ВРИ треба да бидат информирани за релевантни прашања кои се

[10] Види исто INTOSAI - P 20 Принципи на транспарентност и отчетност, принцип 8

[11] Види исто INTOSAI - P 20 Принципи на транспарентност и отчетност, принцип 8

предмет на дебата на домашни и меѓународни форуми и да учествуваат каде што е соодветно.

6) ВРИ треба да воспоставаат механизми за собирање информации, донесување одлуки и проценка на работењето, со цел да го зголемат своето значење за засегнатите страни.

**ПРИНЦИП 6: Ефективно комуницирање со засегнатите страни**

1) ВРИ треба да комуницираат на начин кој го подобрува знаењето и разбирањето на заинтересираните страни за улогата и одговорностите на ВРИ како независен ревизор на јавниот сектор.

2) Комуникацијата на ВРИ треба да придонесе за подигнување на свеста на засегнатите страни за потребата од транспарентност и отчетност во јавниот сектор.

3) ВРИ треба да комуницираат со засегнатите страни со цел да осигурат разбирање на работата и резултатите од ревизијата.

4) ВРИ треба да имаат соодветни релации со медиумите со цел да се олесни комуникацијата со граѓаните[12].

5) ВРИ треба да соработуваат со засегнатите страни, препознавајќи ги нивните различни улоги и разгледувајќи ги нивните ставови, без да се наруши независноста на ВРИ.

6) ВРИ треба периодично да вршат проценка дали засегнатите страни сметаат дека ВРИ комуницира ефективно.

**ПРИНЦИП 7: Да се биде кредибилен извор за независен и објективен увид и насоки за поддршка на корисни промени во јавниот сектор**

1) Работата на ВРИ треба да се заснова на независно професионално расудување и добра и сеопфатна анализа.

2) ВРИ треба да придонесат за дијалог за подобрување на јавниот сектор,

[12] Види исто INTOSAI - P 20 Принципи на транспарентност и отчетност, принцип 8

без да се загрози нивната независност.

3) ВРИ, како активни партнери во националната и интернационалната ревизорска професија во јавниот сектор, треба да ги искористат своите знаења и согледувања за застапување на реформите во јавниот сектор, на пример, во областа на управувањето со јавните финансии.

4) ВРИ треба периодично да вршат проценка дали засегнатите страни сметаат дека ВРИ се ефективни и придонесуваат за подобрување на јавниот сектор.

5) ВРИ треба да соработуваат на меѓународно ниво во рамките на INTOSAI, како и со други релевантни професионални организации, со цел да ја промовираат улогата на заедницата на ВРИ во справувањето со глобалните прашања поврзани со ревизијата, сметководството и отчетноста на јавниот сектор.

# ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ПРИМЕР

ВРИ мора да бидат организации од доверба. Нивниот кредибилитет зависи од тоа дали ќе бидат перципирани како независни, компетентни и отчетни пред јавноста. За да го постигнат ова, ВРИ мора да дадат личен пример.

**ПРИНЦИП 8: Осигурување соодветна транспарентност и отчетност на ВРИ**[13]

1) ВРИ треба да ги извршуваат своите должности на начин што обезбедува отчетност, транспарентност и добро јавно управување.

2) Законските надлежности, одговорностите, мисијата и стратегијата на ВРИ треба да бидат јавно достапни.

3) ВРИ треба да користат, соодветно на нивните околности, ревизорски стандарди[14], процеси и методи кои се објективни и транспарентни, како и да им дадат до знаење на засегнатите страни кои стандарди и методи се користат.

4) ВРИ треба да го менаџираат своето работење на економичен, ефективен и ефикасен начин и во согласност со важечките закони и прописи, и да известуваат јавно за овие прашања, како што е соодветно.

5) ВРИ треба да бидат предмет на независна надворешна проверка, вклучително надворешна ревизија на нивното работење, и да ги стават на располагање овие извештаи на засегнатите страни.

**ПРИНЦИП 9: Осигурување добро управување на ВРИ**

1) ВРИ треба да ги усвојат и да се усогласат со принципите на добро управување, и соодветно да известуваат за истото.

2) ВРИ треба периодично да го подложува своето работење на независен преглед, како на пример peer review.

3) ВРИ треба да имаат соодветна организациска структура за раководење

[13] Види исто INTOSAI - P 20 Принципи на транспарентност и отчетност

[14] Види ISSAI 100 Основни принципи на ревизијата на јавниот сектор, параграф 8-12.

и поддршка која ќе влијае на процесот на добро управување и ќе обезбеди поддршка за добра пракса на внатрешната контрола и раководењето.

4) ВРИ треба редовно да вршат проценка на организацискиот ризик и да ја надополнуваат таа проценка со соодветно спроведени и редовно следени активности за управување со ризици, на пример, преку соодветно објективна внатрешна ревизија.

**ПРИНЦИП 10: Усогласување со Кодексот на етика на ВРИ**

1) ВРИ треба да применуваат Кодекс на етика[15] што е во согласност со нивниот мандат и соодветен на нивните околности, на пример, ISSAI 130 Кодекс на етика.

2) ВРИ треба да применуваат високи стандарди за интегритет и етика, како што е нагласено во Кодексот за професионално однесување[16].

3) ВРИ треба да воспоставаат соодветни политики и процеси да осигурат свесност за и усогласеност со барањата од Кодексот за професионално однесување во рамките на ВРИ.

4) ВРИ треба да ги објават своите основни вредности и посветеност на професионалната етика.

5) ВРИ треба да ги применуваат основните вредности и да бидат посветени на професионалната етика во сите аспекти на својата работа, со цел да бидат организација за пример.

**ПРИНЦИП 11: Стремење кон извонредност и квалитет на услугата[17]**

1) ВРИ треба да воспоставаат политики и процедури за унапредување на внатрешната култура која признава дека квалитетот е клучен за извршување на сите аспекти од работата на ВРИ.

---

[15] Кодексот на етика е сеопфатна изјава за вредностите и принципите кои треба даги водат ревизорите во нивната секојдневна работа.

[16] Кодексот за професионално однесување е внатрешен акт, изготвен во согласност со опкружувањето на секоја одделна ВРИ, со кој се утврдуваат институционалните одредби што го регулираат однесувањето на ревизорите. Кодексот ги опфаќа вредностите и принципите вклучени во Кодексот на етика. Види исто INTOSAI-P 20, Принципи на транспарентност и отчетност, принцип бр. 4.

[17] Види исто ISSAI 140 - Контрола на квалитет за ВРИ.

2) Политиките и процедурите на ВРИ треба да обезбедат придржување до релевантните етички барања од страна на сите вработени и другите страни што работат во име на ВРИ.

3) Политиките и процедурите на ВРИ треба да пропишуваат дека ВРИ ќе преземаат само работа за која се надлежни да ја извршуваат.

4) ВРИ треба да имаат доволно и соодветни ресурси за извршување на својата работа во согласност со релевантните стандарди и други барања, вклучително и навремен пристап до надворешни и независни совети, каде што е потребно.

5) Политиките и процедурите на ВРИ треба да промовираат конзистентност во квалитетот на нивната работа и да воспостават одговорности за надзор и проверка.

6) ВРИ треба да воспостават процес на мониторинг кој ќе осигури дека системот за контрола на квалитет на ВРИ, вклучително и процесот за осигурување на квалитет, е релевантен, соодветен и ефикасен.

**ПРИНЦИП 12: Градење на капацитети преку промовирање на учење и споделување на знаење**

1) ВРИ треба да промовираат континуиран професионален развој што придонесува за извонредни резултати на индивидуално, тимско и организациско ниво.

2) ВРИ треба да имаат стратегија за професионален развој, вклучително и обука, заснована на минималните нивоа на квалификации, искуство и експертиза потребни за извршување на работата на ВРИ.

3) ВРИ треба да се стремат да осигурат дека вработените ги поседуваат професионалните квалификации за нивната работа, како и поддршка од колегите и раководството за истото.

4) ВРИ треба да поттикнуваат споделување на знаење и градење на капацитети како поддршка за постигнувањето на резултатите[18].

[18] Види исто „Градење на капацитети во врховните ревизорски институции - Упатство“

5) ВРИ треба да се потпираат на работата на другите, вклучително други ВРИ, INTOSAI и релевантните регионални работни групи.

6) ВРИ треба да се стремат да соработуваат со пошироката ревизорска заедница со цел унапредување на професијата.

7) ВРИ треба да се стремат да учествуваат во активностите на INTOSAI и да градат мрежи со други ВРИ и релевантни институции, да бидат во тек со новите проблеми и да промовираат размена на знаење од корист на други ВРИ.

# Анекс А –

Степенот до кој една ВРИ може да го промени животот на граѓаните зависи од самата ВРИ



# Анекс Б

Дванаесет принципи за вредност и придобивки од ВРИ за секоја од трите цели

